***вести-информации***

*Владимир ТРАЈКОВСКИ*

## ОДРЖАНИ ПРВИТЕ “СТУДЕНТСКИ ДЕФЕКТОЛОШКИ ДЕНОВИ”

**На 22.05.1999 година** во пресрет на златниот јубилеј 50 години од постоењето на универзитетот **"Св. Кирил и Методиј",** во свечената сала на Филозофскиот факултет во Скопје беа одржани првите студентски дефектолошки денови. Манифестацијата требаше да биде со меѓународно учество, но заради војната во СРЈ, многу од поканетите студенти од другите земји го откажаа своето учество од безбедносни причини.

Студентските дефектолошки денови ги поздрави продеканот на Филозофскиот факултет проф. д-р Благородна Лакинска, а свечено ги отвори раководителот на Институтот за дефектологија проф. д-р Љупчо Ајдински.

На манифестацијата зедоа учество 22 студенти од Институтот за дефектологија и тројца дипломирани дефектолози во тековната учебна година. Се работеше во две сесии со теми што ги опфаќаа сите потесни подрачја на дефектологијата. Со првата сесија раководеше комисија во состав: проф. д-р Анастас Лакоски, доц. д-р мед. Драгослав Копачев, доц. д-р Горан Ајдински, асс. д-р мед. Владимир Трајковски, каде што беа обработени теми од дефектолошката дијагностика и медицинските аспекти на определени хендикепи. Втората комисија во состав: проф. д-р Љупчо Ајдински, доц. д-р Ристо Петров, д-р Горица Левенска, помл. асс. Даниела Димитрова-Радојичиќ, имаше можност да ги слушне студентите што ги обработија темите во врска со едукацијата и професионалната ориентација на лицата со пречки во развојот. Првите “Студентски дефектолошки денови” во целост ги оправдаа очекувањата на организаторите и стручниот колегиум на Институтот за дефектологија, што едногласно ја оценија манифестацијата како одлично замислена и спроведена на дело. Со цел за запознавање на поширокета стручна дефектолошка јавност со содржините на студентскиот семинар, во овој број на списанието ќе бидат објавени резимеата на трудовите што беа навремено доставени до организаторот.

Организациониот одбор искрено се надева дека манифестацијата ќе биде традиционална и со меѓународно учество и дека во Охрид 2000 година ќе бидеме среќни ако ни се даде можност повторно да сме организатори и домаќини на студентите и колегите од повеќето европски земји.

Со цел да дадеме приближна слика за разновидноста, актуелноста и бројноста на трудовите презентирани од студентите на Филозофскиот факултет-Институт за дефектологија-Скопје во прилог ќе дадеме определен број резимеа за нив.